**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

---

Врз основа на член 64 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 17 став 5 и член 22 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за издавање дозволи на банка („Службен весник на Република Македонија" бр. 139/2008)

I. Во Одлуката за издавање дозволи на банка („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2007 и 134/2007), се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во глава II точка 2.6 потточка а) алинеја 6 се бришат зборовите: „потврда од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки и".

2. Во глава II точка 2.6 потточка б) алинеја 5 се бришат зборовите: „потврда од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки и".

3. Во образец 2, точката 8 се менува и гласи:

„Дали на лицето кое остварува контрола во правното лице му била изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност? Ако била изречена ваква санкција, односно забрана, наведете ги сите детали."

4. Во образец 2, потточката 9.1 се брише.

5. Во образец 3, точката 4 се брише, а точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15.

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О.бр. 02-15/XII-3/2008**
**30 октомври 2008 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**